PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting ВЕЧЕР
Скопје

31. VIII. 1967.

ПОВОД ЛИКОВНО-ПОЕТСКИОТ САЛОН НА СВП-1967

# НЕ ИЛУСТРАЦИЈА ТУКУ ИНСПИРАЦИЈА

● **Недоволен интерес на ликовните уметници за Ликовно-поетскиот салон на СВП**

**Надоврзувајќи се на написот на С. Шемов за Ликовно-поетскиот салон сакам да го изречам своето незадоволство од односот на македонските ликовни уметници спрема оваа мошне погодна манифестација во рамките на Струшките вечери на поезијата.**

Преминувајќи преку минатогодишната приредба, која беше прва и поради тоа донекаде меѓу нас покрена односи на оправдување, годинава бевме фрапирани од два вида односи на ликовните уметници:

★ **На годинашниот ликовно-поетски салон учествуваа зачудувачко мал број наши ликовни уметници, само седуммина, додека едно мноштво активни творци на уметноста останаа настрана, сосема незаинтересирани за збогатување на една манифестација на, речиси, нивни колеги која, сметам и тие така мислат, нема само свое големо значење за поезијата, односно нашата литература, туку воопшто за нашите уметности, дури и едно мошне пошироко значење за нашата култура, за нејзината афирмација.** И второ:

★ **Само еден мал број учесници од оние седуммина кои презентираа свои дела на годинашниот ликовно-поетски салон, навистина сериозно го сфатиле своето учество, додека другите, се доби таков впечаток, учествуваа на него одредувајќи го својот однос од сосема формални рамки.**

Верувам дека на сите им е јасно дека Ликовно-поетскиот салон пред сé треба да биде показ на креативен однос ... та македонска поезија и дека жирито што ги прифаќа експонатите за овој салон треба да го имаат тоа во предвид, недозволувајќи на една ваква репрезентативна изложба, каква што таа е замислена и за жал досега неостварена, да се изложува сé што било понудено.

**Зачудува фактот што годинава жирито се дозволи да ги подложи на ист третман прилозите на Петар Мазев (секако неоспорно највредни на годинашниот ликовно-поетски салон) и сериското производство на графички листови на скулторот Петар Хаџи Бошков што се одраз и на доделувањето, односно поделбата на предвидената награда.**

Во врска со манифестираните односи како и во врска со идејата на Поетско-ликовниот салон ја сметаме за неопходна препораката Советот на Струшките вечери на поезијата да свика заеднички разговор на кои покрај членови на Советот би присуствувале поети и ликовни уметници. Зашто доколку македонските ликовни уметници покажат недоволна видоизмени, или на соработка да се поканат и ликовни уметници од нашите други републики и покраини.